# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА МАРКЕТИНГ И ОДНЕСУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.0202-2676/2, донесена на 25.XI 2005 година, определени сме во Комисијата за избор на наставник по предметите основи на маркетинг и однесување на потрошувачите. По проучувањето на материјалот, до Наставно-научниот совет го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор-реизбор на наставници и соработници по предметите основи на маркетинг и однесување на потрошувачите објавен во Утрински весник од 9.XI 2005 година, се пријави само еден кандидат, д-р Снежана Ристевска-Јовановска, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

### I.БИОГРАФИЈА ЗА КАНДИДАТОТ

Д-р Снежана Ристевска - Јовановска е родена во 1966 година во Охрид, каде што завршила основно и средно образование со континуиран одличен успех. Школувањето го продолжила со запишувањето на Економскиот факултет во Скопје - прометно комерцијална насока, во учебната 1984/85 година. Во текот на студирањето постигнала одлични резултати завршувајќи ги студиите со просечна оценка 9,90 во јуни 1988 година, кога и се здобила со звање – дипломиран економист. Истата година е избрана за студент на генерацијата и е добитник на универзитетската награда “26 Јули - Франк Манинг” која се доделува од страна на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје. По дипломирањето, од септември 1988 до септември 1990 година, работела во ИМП “Братство” - Охрид, во увозно-извозниот сектор како раководител. Своите познавања од областа на маркетингот ги усовршила на постдипломскиот студиум по маркетинг на Економскиот факултет во Скопје, постигнувајќи одлични резултати и просечна оценка 9,70.

Од септември 1990 година засновала редовен работен однос на Економскиот факултет во Скопје, како помлад асистент по група предмети од областа на маркетингот. Својот магистерски труд на тема: ”Однесување на потрошувачите и стратегија на стопанските субјекти” го одбранила на 10.VII 1991 година, при што се здобила со звањето магистер по економски науки. Почнувајќи од 1991 година, д-р Снежана Ристевска-Јовановска, како асистент, била ангажирана во изведувањето на вежби по предметите основи на маркетингот и економика на внатрешната трговија, како и во вршењето консултации.

Докторската дисертација на тема: ”Проблеми на оптимална локација на продажните објекти”, успешно ја одбранила на 21.XII 1995 година, при што се стекнува со звањето доктор на економски науки.

На 5.IV 1996 година е избрана за наставник по предметот економика на внатрешната трговија во звањето доцент. Била ангажирана и во изведувањето на наставата и спроведувањето на испитите по предметите политика на цените, а од учебната1999/2000 по предметот однесување на потрошувачите. На 9.II.2001 година